РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дирекција за заштита на личните податоци

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**
**ул. „Самоилова" бр.10, 1000 Скопје; тел: +389 2 3230 635; факс. +389 2 3230 635;**
**www.dzlp.mk**

Бр.01-1975/1

13.12.2012 година

Врз основа на член 44-б став 2 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Реппублика Македонија" бр.7/05, 103/08, 124/10 и 135/11), директорот на Дирекција за заштита на личните податоци донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ВРШЕЊЕ НА ИСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ЗА 2013 ГОДИНА

**I.** Со оваа програма се определуваат областите кои ќе бидат опфатени со редовниот инспекциски надзор за спроведување на Законот за заштита на личните податоци, прописите донесени врз основа на овој закон, како и на прописите кои се на било кој начин поврзани со заштитата на личните податоци.

**II.** Со редовниот инспекциски надзор ќе бидат опфатени особено следните области:

1. Здравство;
2. Туризам и угостителство;
3. Банкарство;
4. Правосудство;
5. Образование;
6. Државни органи и органи на државната управа.

**III.** Секоја од областите наведени во точка II ќе биде реализирана преку месечни планови за вршење на инспекциски надзор донесени по предлог на раководителот на Секторот за инспекциски надзор, согласно Правилникот за вршење на инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010).

**IV.** Оваа програма ќе се објави на веб страницата на Дирекцијата за заштита на личните податоци, а ќе се применува од 1 јануари 2013 година.

**ДИРЕКТОР,**
**Димитар ЃЕОРЃИЕВСКИ**